Секоја година, 22 април нè потсетува дека планетата не се заштитува само со големи ветувања, туку со секојдневни работа, одлуки, практични решенија и заедници кои знаат дека имаат моќ да направат промена. Овогодинешното мото на Денот на планетата Земја, **„Нашата моќ, нашата планета**“, особено силно се поврзува со работата на граѓанските организации кои преку знаење, активизам и директна работа со граѓаните ја претвораат **еколошката свест во конкретна акција**.

Цивика мобилитас ја препозна и ја поддржа улогата на граѓанските организации во борбата за заштита на планетата преку конкретна финансиска и програмска поддршка.

Во рамки на програмата, за заштита на животната средина се доделени **46 грантови на 34 организации**, со вкупен буџет од **75.729.198 денари**. Ова претставува **7,9 проценти од вкупниот буџет**. Цивика мобилитас цврсто стои зад оваа визија преку континуирана поддршка на граѓанскиот сектор, а зад овие бројки стојат организации кои работат во училишта, општини, населби, локални заедници, со млади, со лица со попреченост, со институции и со граѓани кои сакаат поздрава средина за живеење и кои секојдневно докажуваат дека нашата планета зависи токму од нашата моќ.




***Мост меѓу граѓаните и промените***

Грантистите на Цивика мобилитас се свесни за својата улогата на м**ост меѓу граѓаните и институциите, меѓу знаењето и навиката, меѓу проблемот и решението**
.

Од Центарот за климатски промени (ЦКП) велат дека не е **доволно да му кажете на граѓанинот дека треба да селектира отпад ако тој нема каде да го направи тоа**
. Оваа реченица ја сумира суштината на работата на граѓанските организации, не само да ја подигнат свеста, туку и да ги создадат условите за дејствување. Во истиот дух, од Центар за младински активизам „Крик“ нагласуваат дека нивната улога е да ја направат еколошката свест разбирлива и применлива, преку работа „на терен“, вклучување на лица со попреченост во зелени активности и градење навики, а не само знаење.

Центарот за ресурси во животна средина (РЕЦ), Еко Логик и Флорозон ја потенцираат важноста на создавање **еколошка култура** преку **неформално образование** и иновативни алатки за учење. Тоа значи долгорочна едукација на ученици, наставници и

заедници за климатските промени и заштитата на животната средина. „Натура“ од Струга пак нагласува дека граѓанските организации функционираат како медијатор помеѓу институционалниот систем и граѓанството, придонесувајќи кон поголема транспарентност и учество во креирањето политики. Извидничкиот одред „Крсте Јон Струга“ улогата на граѓанскиот сектор ја гледа и низ мобилизирање на волонтери и локални лидери за создавање на долготрајни промени и за притисок при спроведувањето на донесените политики.

Зелен институт, пак ја отвора темата дека **биоотпадот не е проблем**, **туку ресурс** кој може повторно да се искористи. Тие ги поврзуваат граѓаните со институциите, ги преведуваат сложените еколошки теми на јазик разбирлив за заедницата и создаваат услови свеста да стане навика.



## ***Постигнувања кои зборуваат за себе***

Влијанието на грантистите најдобро се гледа во **конкретните промени што ги создаваат на терен**, прикажувајќи како оваа моќ се претвора во дело.

ЦМА „Крик“ преку Центарот за окупациона терапија „Крикни“ развива практични модели за рециклирање хартија и нејзина повторна употреба во креативни и функционални производи. На тој начин, намалувањето на отпадот се поврзува со **социјална инклузија**, а зелените практики стануваат дел од младинската и социјалната работа.

„Идејата е да ја поврземе екологијата, заштита на животната средина и самиот пристап до здрава животна средина со младинската и социјалната работа, што ретко се прави системски во Македонија“, посочуваат од ЦМА „Крик“.

РЕЦ со години вложува во едукација, обуки, прирачници и кампањи за подигнување на јавната свест, создавајќи основа за генерации кои подобро ги разбираат климатските промени и сопствената улога во заштитата на животната средина. Еко Логик работи на тоа знаењето да се претвори во секојдневна грижа, преку неформална едукација, зелени иницијативи и активно учество на граѓаните. Флорозон го нагласува партнерскиот проект со РЕЦ и Еко Логик за **циркуларна економија** во управувањето со органски отпад, преку кој успева да ја доближи темата за биоотпадот до граѓаните, учениците и локалните заедници.

Во Струга, ИПО „Крсте Јон Струга“ зад себе има долга историја на работа поврзана со заштита на Охридското Езеро, трските, биодиверзитетот, мониторинг на водата и воздухот, енергетска ефикасност и еко туризам. Натура Струга преку теренски акции за чистење, едукативни програми за млади и кампањи за климатски и еколошки предизвици, го надополнува овој локален придонес.

ЦКП покажува како локалните системи можат да преминат од идеја во реалност. Во Гази Баба, Тетово и Аеродром организацијата работи на воведување примарна селекција на пластичен отпад. Во пилот населбите, како што велат од организацијата, „**с**

**елекцијата на отпад веќе не е само план на хартија, туку дел од секојдневието**
“.



## *Гледајќи кон иднината: Од локални успеси кон системски промени*

Грантистите се согласни дека следниот чекор не е само повеќе активности, туку поголем континуитет, посилна соработка и решенија што ќе траат. **Потребни се системи кои ќе функционираат и по завршувањето на проектите, образование што ќе создава навики од најрана возраст и институции кои ќе ги препознаат граѓанските организации како партнери во зелената транзиција**
. За „Крик“, иднината е во ширење на модели кои веќе функционираат и во интегрирање на зелените практики во социјалните услуги и младинската работа. За РЕЦ и Еко Логик, клучна е континуираната едукација на младите, бидејќи таму се создаваат вредностите кои ја обликуваат иднината. Флорозон и Зелен институт ја гледаат следната фаза во поодржливо управување со отпадот, развој на циркуларна економија и конкретни локални решенија за биоотпадот. ИПО „Крсте Јон Струга“ и „Натура“ од Струга ја нагласуваат потребата од посилна соработка меѓу училиштата, општините, бизнисите, институциите и граѓаните, како и од продолжување на локалните акции кои создаваат долгорочна грижа за природните ресурси.

